**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.3**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и СИЛМАК Индустри**

**трет состанок , 15.05.2008 год. простории во МЖСПП, почеток 13.00 ч.**

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**
- Лендита Дика, државен советник за индустриско загадување и управување со ризик,
- Ана Каранфилова-Мазнева, државен советник за животна средина,
- Назим Алити, раководител на одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето,
- Марионка Виларова, помошник раководител на Македонски информативен центар за животна средина,
- Алмина Хаџија, самостоен референт во Сектор за просторно планирање-записничар,

**Тим за преговарање на Силмак-Индустри:**
- Борко Андреев, соработник и координатор на проектот, претседател на тимот
- Срећко Исаевски, менаџер на ЕКОМАК
- Борис Анчевски, раководител на пречистителна станица
- Бесник Абдулаи, менаџер во производство

Како што беше договорено на вториот состанок, да се разгледуваат активностите по медиуми, на третиот состанок се разгледаа сите активности поврзани со депонии и отпад како и се заврши разгледувањето на активностите за води. Тимовите за преговарање започна со дискусија околу дополнување и измена на некои активности од Оперативниот план по дадените точки. Исто така сите рокови за започнување и завршување на активностите се пролонгираа за една година, поради закаснување на процедурата за преговори.

**Активност бр. 3 станува активност бр. 24.**
**Прием, складирање и одвоз на суровини, репроматеријали и помошни материјали и производите**

Во описот на активноста :
Текстот : заштита на површински и подземни води се заменува со: заштита на сите медиуми на животната средина. Во втората точка од описот се брише приклучоци и цевоводи**.**
Дата на отпочнување на ова активност е 01.07.2008, дата на завршување 31.10.2008**.** Во точка 4 наместо не е применливо се пишува нема влијание, во точка 5 наместо не е применливо, се пишува има влијание, се очекува намалување на фугитивни емисииво рамките на МДК вредности. Во точка 6 влијание врз ефиканоста на емисиите ќе има, се очекува намален растур,ефекти во согласност со описот на активноста се очекуваат позитивни резултати. Во точка 7 мониторинг; нема, во точка 8 извештај; нема.

**Активност бр. 4 станува активност 20: Програма за управување со отпад**
Предвидена дата на отпочнување на ова активност ќе биде 01.01.2009, датата на завршување на активноста е 31.12.2009. Во точка 4, 5 и 6 се избрише зборот " Не е применливо" и гласи: "Ова активност нема влијание на емисиите. Во точката 7 мониторингот ќе се врши согласно технолошкиот процес во инсталацијата и позитивните законски и подзаконски акти на применливото право на Република Македонија. Во точката 8 ќе стои извештајот ќе се доставува согласно Законот за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр.68/04 ) член 23.

**Активност бр 5. станува активност бр 27.**
**Ревизија на енергетската ефикасност на потрошувачката на електрична енергија**

Предвидена дата за отпочнување на ова активност е 01.07.2008 год, дата на завршување на активноста е 30.06.2009 год. Во точката 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата;нема влијание. Во точката 5. Вредност на емисиите по реализација на активноста ( услови).нема влијание.Во точка 6.Влијание врз ефикасноста ( промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини):Ќе се обезбедат податоци за ефикасноста на користење на енергијата што ќе придонесе до зголемување на искористување на енергетска ефикасност на целата инсталација. Точка 7.Мониторинг: Нема. Точка 8. Извештај од Мониторингот: Во рамките на годишниот извештај.

**Активност бр.7 станува активност бр.26: План и реализација за контрола на бучавата**

Опис на активноста:
Ќе биде изработена оперативна програма за следење на амбиенталната бучава и утврдување на локации на точките за нејзино мерење, согласно законските прописи.Точките на оценка на бучавата ќе бидат избрани во согласност со надлежниот орган. По изработката на планот, ќе се пристапи кон негова реализација.
Предвидена дата на започнување на реализација е 01.07.2008 година, дата на завршување 31.12.2008 година. Во точките 4,5, и 6 зборот "не е применлив" се заменува со "нема влијание". Во точката 7 Мониторинг: континуирано, согласно законот за бучава. Во точката 8 Извештаи од мониторингот: Извештајот ќе се изработува согласно со законот за бучава.

**Активност бр. 28 станува активност бр.23: Анализа на ефикасноста на употребата на суровините**

Опис на активноста: Ќе се изработи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на растурот на суровините.Изработката на прегледот на ефикасноста ќе се базира на Најдорбите Достапни Техники (BAT) за феро легури.Онаму каде се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во Распоредот на цели и задачи за животна средина.
Дата на отпочнување на ова активноест е 01.07.2008, дата на завршување 30.06.2009 година. Во точка 4 ќе стои нема влијание ,во точка 5 ќе стои се очекуваат подобрувањаво согласност со описот во точка 1. во точка 6 се очекува намалување на потрошувачка на суровините ,енергенсите и редуцентите. Во точката 7 Мониторингот: Во согласност со реализацијата на активноста. Во точка 8 Извештајот ќе се доставува еднаш годишно, во рамките на годишен извештај согласно од точка 7. Вредноста ќе изнесува 15.000 евра.

**Активност бр. 30 станува активност бр.25**
**Изградба на складови**

Реализацијата на оваа активност ќе произлезе од Елаборатот за оценка на влијание врз животна средина , ќе бидат изградени соодветни складови за масти,масла; амбалажа од маст и масла и др.опасен отпад,мотори и опрема од неупотребливи возила**.** Предвидена дата на отпочнување на ова активност е 01.01.2009, дата на завршување е 31.06.2010 год.

Точка 4.  Вредност на емисиите до И за време на реализацијата: во согласност со досегашните емисии
Точка 5. Вредности на емисиите по реализација на активноста ( Услови): намалени емисии во почвата. Точката 6. Влијание врз ефикасноста ( промени во потрошувачката на енергија вода И суровини): нема.  Точка 7  мониторинг: нема, Точка 8. Извештај од мониторингот: нема.
Вредност на инвестицијата 80.000 Евра.

**Активност бр.31  станува активност бр.29**

**Проценка на ризикот од еколошка одговорност - независен консултант**
Опис на активноста:
Ќе се обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност (ПРЕО), подготвена од незвисен и соодветно квалификуван консултат, што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/ обврските и трошоците за исполнување на ПУО / ПУРЗ.
Предвидена дата на почеток на реализација 01.07.2008 год.
Предвидена дата на завршување на активноста 30.06.2009 год.
Точка 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата :нема влијание!
Точка 5. Вредност на емисиите по реализацијата на активноста: нема влијание!
Точка 6. Влијание врз ефикасноста(промени во потрошувачката на енергија ( вода и суровини): нема!
Точка 7. Мониторинг: нема!
Точка 8. Извештај од мониторингот ( ќе се прати прогресот на реализацијата ПРЕО. )

**Активност бр. 13,14 и 19 станува активност бр. 21**

**Проектирање и изведба на градежни работи на индустриската депонија, за овозможување на депонирање согласно стандардите.**
Опис на активноста :
Понатамошно контролирано и безбедно депонирање на индустриски отпад на постоечката индустриска депонија ќе се изведува во три фази, и тоа:
Ќе биде изготвен елаборат согласно член 24 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05);Изведувачките работи, на основ на согласноста по елаборатот од претходната алинеа добиена од надлежен орган; Континуирано управување со депонијата и отпадот, согласно применливото право на Република Македонија; Проценето е дека максималниот капацитет на постојната индустриска депонија изнесува 13 ( тринаесет) години, во услови на нормално функционирање на инсталацијата.Предвидена дата на почеток на реализацијата е 01.01.2009 година. Предвидена дата на завршување на активноста е 31.08.2010 година. Точка 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата: Во рамките на досегашните измерени параметри. Точка 5. Вредност на емисиите по реализација на активноста( Услови): Доведување на емисиите во водата и почвата во рамките на МДК согласно законски и подзаконски акти од применливото право на РМ. Точка 6. Влијание врз

ефикасноста ( промени во потрошувачката на енергија, вода и цуровини): нема влијание. Точка.7  Мониторинг: согласно законските и подзаконски акти од применливото право на РМ. Точка 8. Извештај од мониторингот:Извештаите ќе се подготвуваат за секоја фаза поединачно. Истите се следат после целосна реализација на проектот од кој ќе произлезат и параметрите на кои треба да се врши мониторингот. Најмалку еднаш годишно мора да се подготви извештај за секоја  фаза пооделно и збирно за целата активност.
Вредност на инвестицијата: 200 000 Евра.

**Активност бр. 23 станува активност бр. 22:**

**Перманентно завршно покривање на депонијата**

Опис на активноста:
На основ на фазите предвидени во активноста бр.20, перманентна  ремедијација, односно покривање на индустриската депонија ќе се изведува согласно изработен проект, одобрен од Надлежен орган. Предвидена дата на почеток на реализацијата е 01.09.2010 година. Предвидена  дата на завршување на активноста : перманентно, до максимално искористување на депонијата.Точка 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата: во рамките на досега измерените.Точка 5 Вредности на емисиите по реализација на активноста ( Услови): се очекува подобрување, во рамките на граничните вредности. Точка 6. Влијание врз ефикасноста  ( промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) нема влијание. Точка 7. Мониторинг: согласно законските и подзаконски акти од примрнливото право на РМ. Точка 8. Извештај од мониторингот: Извештајот ќе го прати прогресот на изготвувањето на оваа активност, како и согласно точка 7 од оваа активност. Извештаите ќе се даваат еднаш годишно.

По барање на преставниците на Силмак ќе бидат дополнети некои активности од оперативниот план взаемно со преставниците од МЖСПП, и во последниот состанок да се усогласат промените од активностите и да се потпишат за усогласување.
Состанокот заврши во 16.00 часот.

Идниот состанок се закажува за 23.05.2008 год. Во 10 часот.

Записничар:
Алмина Хаџија

Потпишување на учесниците на преговорите:
1. Назим Алити ____________________
2. Лендита Дика _____________________
3. Ана К. Мазневска _____________________
4. Маријонка Виларова ___________________
5. Борко Андреев ______________________
6. Среќко Исаевски ______________________
7. Борис Анчевски _________________________
8. Бесник Абдулаи ________________________